# ТРКА

Зајакот ѝ се смеел на желката дека оди многу полека.

"Ајде да се трками!" - му рекла желката.

"Добро, штом сакаш," - рекол зајакот.

Другиот ден се собрале сите животни од шумата да ја гледаат трката.

Зајакот трчал брзо. Желката останала далеку зад него.

Зајакот легнал да се одмори. Така тој заспал и желката го поминала.

Кога се разбудил зајакот потрчал брзо, ама било доцна. Желката стигнала прва. Желката победила.

I а) Прочитајте ја приказната и ставете броеви 1, 2, 3 и 4 кај сликите:



б) Напишете по една реченица за секоја слика:

## II ДОМАШНИ И ДИВИ ЖИВОТНИ

а) Најдете ги зборовите за овие животни во скривалката и напишете ги под сликите:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| б | в | с | л | о | н | о | к | п |
| р | к | р | а | в | а | с | у | т |
| ќ | о | у | в | ф | м | а | ч | е |
| х | к | ц | п | р | а | с | е | о |
| к | о | а | л | а | ј | ч | ц | в |
| о | ш | а | ѓ | е | м | ѕ | в | ц |
| њ | к | д | з | и | у | г | ј | а |
| ж | а | љ | к | е | н | г | у | р |





1. прасе 2. ________ 3. ________





4. ________ 5. ________ 6. ________





7. ________ 8. ________ 9. ________





10. ________ 11. ________ 12. ________

б) Кои од овие животни се домашни, а кои диви?

Напишете ги во која група спаѓаат:

| ДОМАШНИ ЖИВОТНИ | ДИВИ ЖИВОТНИ |
|---|---|
| прасе | мајмун |

## III ДИВИ ЖИВОТНИ ВО МАКЕДОНИЈА

Поврзете ги зборовите со сликите:

волк

лисица

мечка

зајак

верверица

срна

еж



## IV АЈДЕ ДА ЗБОРУВАМЕ!

Поврзете ги разговорите и потоа продолжете ги усно во парови.

1. Ајде да се трками!
2. Сакаш ли чоколадо?
3. Сакаш ли да играш со нас?
4. Доцна е. Ајде да си одиме!
5. Дојди да играш тенис со нас!

а) Да, благодарам.

б) Добро, штом сакаш.

в) Немам рекет.

г) Сакам. Што играте?

д) Да, скоро е десет саатот.

## V ЖИВОТНИТЕ НА ТРКА

Кучето е <u>прво</u>.
Зајакот е <u>втор</u>.
Кенгурот е <u>трет</u>.
Лисицата е <u>четврта</u>.
Лавот е <u>петти</u>.
Мечката е <u>шеста</u>.
Мачката е <u>седма</u>.
Кокошката е <u>осма</u>.
Желката е <u>деветта</u>.
Ежот е <u>десетти</u>.




<u>Исечете ги сликите од животните и залепете ги на трката како што се по ред.</u>

**Како велиме за повеќе?**

| | | | |
|---|---|---|---|
| прасе | прасиња | овца | о в ц и |
| коњ | | слон | |
| маче | | крава | |
| волк | | лав | |
| зајак | | еж | |
| дете | | дрво | |



# 3. ТРКА

I Напишете ги испуштените зборови:

Волкот ______________ во шумата. Тој е силен и има големи заби. Во лето волкот ______________ зајаци и други малечки животни. Во зима кога е гладен волкот ______________ во селото и ______________ овци и јагниња. Затоа големи кучиња ги ______________ овците. Тие го ______________ волкот ако дојде.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| фаќа | оди | краде | живее | бркаат | чуваат |

II Одберете го точниот збор:

1. Миле има многу ( топка / топки ).
2. Тања доби две (кучи / кучиња) за роденден.
3. На фармата имаше и пет ( коњи / коњови ).
4. Во паркот имаше многу ( дрви / дрва ).
5. Во базенот пливаа три ( деца / деци ).
6. По морето пловат големи ( броди / бродови ).

III Напишете ги испуштените букви во зборовите:

| | |
|---|---|
| Ж | _ ајак    _ аба    пла _ а    _ елен |
| З | _ ивотни    _ аб    е _ |